## Извадок на дел од дневни настани 02.02.2023

На 01.02.2022, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода А.Ц.(27) од село Ботун, општина Дебарца. При претрес во домот во Охрид, каде привремено престојувал, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.02.2023, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода К.И.(23) и И.Б.(69) од Велес. Тие се сомничат дека од двор и тераса на две куќи на ул.„Јовче Тикварски" во Велес одзеле повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопствениците, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.02.2023 во 11.55 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 27-годишниот Е.Ќ. од Прилеп. Тој се сомничи дека извршил кражба и кај него бил пронајден апарат за кој постоело сомнение дека противправно го одзел. Се расчистува и документира случајот, по што ќе следи соодветна пријава.

На 01.02.2023 во 11.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Б.(43) од село Арачиново, скопско, затоа што при контрола во возилото „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени околу 200 килограми прехранбени артикли со изминат рок на траење. Исто така, подоцна била извршена контрола и во магацин на ул.„Индустриска" во Куманово, сопственост на Б.М.(45) од с.Романовце, кумановско, од каде ја зел стоката, при што сопственикот признал дека е негова. Во магацинот биле пронајдени дополнителни околу 600 килограми прехранбени артикли со изминат рок на траење и празна амбалажа за пакување на производите. Пронајдената стока, од Агенцијата за храна и ветеринарство е прогласена за небезбеден производ. Со сопственикот на магацинот бил извршен службен разговор во полициска станица, а по целосно расчистување на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.02.2023 околу 00.20 часот во гостиварска Топлица, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 50-годишниот гостиварец Ќ.Р., затоа што кај него бил пронајден кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 01.02.2023 во 13.20 часот кај плажата „Дебрца" на магистралниот пат Охрид-Струга, полициски службеници од СВР Охрид го привеле А.Б.(31) од Охрид. При преглед на патничко возило „фолксавген голф", во кое бил со уште едно лице, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (01.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 240 возачи. Од нив девет возила се движеле со над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 115 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 125 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (01.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 172 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло). Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири мерки за непочитување на првенство на минување...

На 01.02.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 39 прекршоци, од кои 23 надвор од населено место и 16 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 01.02.2023 околу 20.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Куманово-Свети Николе, во с.Доброшане, кумановско, Г.И.(50) од Куманово, управувајќи патничко возило „алфа ромео" со кумановски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во паркиран автобус на превозно претпријатие. Во несреќата, Г.И. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во болницата во Куманово каде починал. Увид на местото извршиле екипа од СВР Куманово и Јавен обвинител, по чија наредба телото било дадено за обдукција.

На 01.02.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Арачиново, скопско, патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Б.(24) од с.Арачиново, удрило во малолетен пешак од истото село. Во несреќата, малолетничката се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.02.2023 во 14.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на бул. „Октомвриска револуција" во Куманово, патничко возило „опел астра" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(51) од с.Никуљане, општина Старо Нагоричане, удрило во пешакот Д.Ѓ.(43) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 01.02.2023 во 15.20 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.М.(29) од Скопје пријавила дека на ул.„Козјак" била касната од куче скитник.

На 01.02.2023 во СВР Тетово, М.З.(53) од тетовски Бродец пријавила дека на улица „Иво Лола Рибар" била касната од куче скитник.

Денеска (02.02.2023) во 06.40 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин Табановце го привеле М.Х.(21) од Скопје. Тој патувал со автобус на превозно претпријатие од Струга и при преглед во неговиот багаж биле пронајдени и одземени повеќе различни пакувања со марихуана. За случајот бил запознаен Јавен обвинител, а лицето било спроведено во СВР Куманово за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (02.02.2023) во 15.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Ј.Л.(34) и Д.Б.(36), двајцата од Куманово. Тие се сомничат дека на 30.01.2023 со употреба на сила влегле во угостителски објект на улица „Драган Стопаревиќ" во Куманово и одзеле пари. Двајцата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Љ.А.(35) од струшкото село Шум, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед извршен на улицата „Маршал Тито" во Струга, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа кокаин.

СВР Скопје – ЕВР Карпош поднесе кривична пријава против В.Х.(35) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување" по член 239 од Кривичниот законик и против А.Б.(35) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" по член 378, „употреба на исправа со невистинита содржина" по член 380 и „злоупотреба на лични податоци" по член 149, а во врска со член 45 од Кривичниот законик. Првопријавениот В.Х. одзел патничко возило „ауди а8" од лице од Тетово, додека второпријавениот А.Б. ги злоупотребил, искористил и фалсификувал податоците од документите на возилото и на тој начин успеал да ја смени сопственоста на возилото. По преземени мерки, било потврдено дека е направен фалсификат, а подоцна со решение од управен орган бил поништен фалсификатот и возилото било вратено на владение на вистинскиот сопственик.

На 01.02.2023 на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Одделот за гранични работи и миграции – Мобилна единица, во содејство со службата за мобилни тимови при Царинската управа, при преглед на патничко возило „мерцедес спринтер" откриле околу 620 парчиња производи за широка потрошувачка и поголема количина текстил, кои не биле пријавени за царинење од лицето кое го управувало возилото. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2023 во 18.05 часот во СВР Скопје, Г.Б.(52) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од Г.К.. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.02.2023 во 11.30 часот во СВР Скопје, Љ.К.(52) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека на 28.01.2023 околу 23.30 часот во с.Кучевиште неговата малолетна ќерка била физички нападната од едно лице од с.Мирковци, скопско. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.02.2023 во 06.37 часот во СВР Скопје, директор на фирма во с.Трубарево, скопско, пријавил дека чуварот Б.Б.(60) бил пронајден со повреди од физички напад. Лицето било пренесено во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2023 во 06.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во зграда на ул. „Драгиша Мишовиќ" во Скопје, Ѓ.И.(64) од Скопје физички го нападнал Б.П.(83) од Скопје, при што употребил и предмет. Полициски службеници од Полициската станица Карпош излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2023 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 16.01.2023 околу 04.30 часот три лица со употреба на сила влегле во стан на подрачјето на Аеродром, каде престојувале Х.М.(23) од Прилеп, С.Ј.(22) од Струмица и Д.А.(21) од Велес, физички го нападнале Х.М. и со закана од тројцата одзеле мобилни телефони. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.02.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Карпош било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице им се заканило на вработените, но не одзело ништо. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.К.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување на оружје или распрскувачки материи". На 20.07.2022 на магистрален пат Куманово-Крива Паланка, во возило управувано од пријавениот, полициските службеници пронашле 162 куршуми калибар 22LR и две рамки за пушка, кои неовластено ги поседувал.

На 01.02.2023 во 12.29 часот во СВР Скопје било пријавено дека во 12.15 и во 12.25 часот на бул.„Александар Македонски" во Скопје, двајца малолетници од Скопје биле физички нападнати од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случаите.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.П.(56) од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 02.12.2022 на магистралниот пат А-2 во Крива Паланка, пријавениот бил затекнат како со товарно возило марка „там" врши превоз на огревно дрво, без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз во патниот сообраќај.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет